


***Фестивалот „Македонското културно лето“ во Пустец, чиј организатори се Здружението на Македонците по потекло од Албанија „Сонце“ – Скопје и актерот Едмонд Сотир,***
***се одржа по 15 пат и траеше од 01 до 05 јули. Фестивалот започна***
***со концертот на хорот „Света Злата Мегленска“, а заврши со претставата „Орест“ во копродукција на Здружението „Сонце“ и Театарот „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ од Велес.***

Областа Мала Преспа во Албанија му припаѓа на Регионот на Корча и сите села во ова област му припаѓаат на Општината Пустец. Општината Пустец се протега на североисточниот дел на околијата на Корча. Нејзината територија се совпаѓа со водната долина на Преспанското Езеро. Таа се граничи со планинските венци кои ја делат езерската долина од Корчанското поле. Потоа на запад се граничи од Охридската долина со планината Сува Гора на северо-запад и исток се граничи со Република Македонија и на југ и југо-исток со Република Грција .

Центарот на општината селото Пустец е одалечен 25 километри од градот Корча. Во општината Пустец живеат околу 5,000 жители, сите по националност Македонци. Територијата на општината се софпаѓа со Националниот парк „Преспа“.

Во состав на Општината Пустец припаѓаат 9 стари села и едно ново село кое сега се формира. Селата се Пустец, Леска, Зрноско, Церје, Шулин, Глобочени, Долна Горица, Туминец Горна Горица и новото село Нова Горица.

Мајката природа на Преспа ѝ подарила богатство на убавини и атрактивности. Во исто време, историјата ѝ оставила непроценливи траги од значајни настани. Затоа преспанци каде и да се во родниот крај или надвор од него, се радуваат со сето тоа што го има во Преспа, се гордеат и го чуваат ваквото богатство за идните генерации.

Она што на Преспа и на нејзината историја ѝ дава посебен белег е нејзиното богатство со културно-историските споменици, уште од времето кога била староримска крстосница и прва престолнина на цар Самуил, а денес е туристичка дестинација.

Оваа 2022 година е карактеристична за Општината Пустец и за целиот македонски народ во Република Албанија по тоа што по 15 пат се одржа фестивалот *„Македонското културно лето* “ во Пустец, кој траеше од 01 до 05 јули. Имено, 15-тото издание на фестивалот *„Македонско културно лето“.* свечено започна со концертот на хорот *„Света Злата Мегленска“,* а на крајот премиерно беше изведена претставата *„Орест* “ во копродукција на Здружението *„Сонце“* и Театарот *„Јордан Хаџи Константинов-Џинот“* од Велес. Организатори на фестивалот се Здружението на Македонците по потекло од Албанија *„Сонце“* – Скопје и актерот Едмонд Сотир



[illegible]